Машински факултет
Број 02-643/5
28.9.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 и 635/2022), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 21424 Друго (Мехатроника) во Институтот за механика на Машински факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 1-та редовна седница одржана на 28.9.2023 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во соработничко звање асистент

М-р Дејан Шишковски, дипл.маш.инж., се избира во соработничко звање асистент во научната област 21424 Друго (Мехатроника) во Институтот за механика на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од три години.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 9 мај 2023 година, распиша Конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 21424 Друго (Мехатроника) во Институтот за механика.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот, се пријави м-р Дејан Шишковски, асистент на Машински факултет.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 28 септември 2023 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1289 од 15 август 2023 г., со мнозинство гласови од присутните 42 од вкупно 57 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која м-р Дејан Шишковски го избра во соработничко звање асистент во научната област 21424 Друго (Мехатроника) во Институтот за механика.

Одлуката да се достави до: именуваниот, наставно-научен совет, општа служба - досие, сметководство и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Златко Петрески

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски